# З А П И С Н И К

**од триесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации**

**за 2025 година**

Триесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 27.11.2025 година во 12:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска и Jeton Akiku, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред:

1. Усвојување на дневниот ред за триесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2025 година;
2. Усвојување на записникот од дваесет и деветтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
3. Барање согласност за јавна набавка на услуга за сервисирање и одржување на термо техничка опрема и инсталација;
4. Барање на согласност за јавна набавка на услуга за резервација и испорака на авиобилети за одредени дестинации за потребите на Агенцијата за електронски комуникации;
5. Барање на согласност за јавна набавка на услуга за превентивно и адаптивно одржување на Интегрираниот Информациски Систем на Агенцијата за електронски комуникации;
6. Барање согласност за објавување на оглас за вработување на неопределено време во Агенцијата за електронски комуникации;
7. Разгледување и усвојување на Предлог Измена и дополнување на Финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година, пред објавување на јавна расправа;
8. Разно.

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за триесетиот состанок во 2025 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3, барањето за јавна набавка на услуга за сервисирање и одржување на термо техничка опрема и инсталација, членовите дадоа согласност.

Во врска со точка 4, барањето за јавна набавка на услуга за резервација и испорака на авиобилети за одредени дестинации за потребите на Агенцијата за електронски комуникации, членовите дадоа согласност.

Во врска со точка 5, барањето за јавна набавка на услуга за превентивно и адаптивно одржување на Интегрираниот Информациски Систем на Агенцијата за електронски комуникации, членовите дадоа согласност.

Во врска со точка 6, барањето на согласност за објавување на оглас за вработување на неопределено време во Агенцијата за електронски комуникации, членовите дадоа согласност.

Во врска со точка 7, Комисијата го разгледа Предлог Измена и дополнување на Финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година, и со одредени забелешки и предлози, беше адаптирана согласно мислењата на членовите и дадена на службите за преработка и објава на јавна расправа.

Под точка разно немаше дискусија.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател________

Анкица Трпковска, заменик претседател________

д-р Адмирим Алити, член ________

Анѓелка Диневска, член________

Насер Адеми, член________

Наш број 1102-52/2

Скопје 02.12.2025 година